ЈП ПАЗАРИШТА - NP TREGU
Бр. Nr. 02-175/9
14.03. 2023г
КУМАНОВО - KUMANOVË

ПАЗАРИШТА
TREGU
КУМАНОВО-KUMANOVË

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# ПАЗАРИШТА
# КУМАНОВО
# ЗА 2022ГОДИНА

*Куманово Март 2023 година*

# *ИЗВЕШТАЈ*

## *ЗА РАБОТА НА Ј.П.ПАЗАРИШТА-КУМАНОВО*

## *ЗА 2022 ГОДИНА*

### 1. ВОВЕД

Јавното претпријатие ПАЗАРИШТА-Куманово основано е во1954 година од страна на Советот на Општина Куманово, заради вршење дејност од јавен интерес организирање и стопанисување со Зелените пазари и Добиточниот пазар на територијата на општина Куманово со основна дејност издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

Полното име на Јавното претпријатие гласи:
Јавно Претпријатие ПАЗАРИШТА Куманово со Ц.О
Ndermarrjapublike TREGU Kumanove me PP
Скратено име на претпријатието гласи :
Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово
N.P.TREGU-Kumanove

Основни податоци
**Ј.П.Пазаришта Куманово**
**Ул.ЈНА бр108**
**1300 Куманово**
**тел-факс: 031/413-004**
**ж/ска 200-000-099-201-213**
**Стопанска банка АД Куманово**
**МБ:4028716**
**ДБ: 4017989104157**

Службен јазик и писмо во работењето на Јавното претпријатие
се:
Македонски јазик и кирилично писмо
Албански јазик и латинично писмо

За вршење на дејноста и работите од предметот на работење на Јавното претпријатие основани се три подружници,

ЗЕЛЕН ПАЗАР-ЕДЕН Куманово
Ул.ЈНА бр 108

Тезгите со коишто располага ЈП Пазаришта во 2022 година се 727 (тезги,места,магацин,цвеќари) од кои беа издадени 462.

1А Ниво располага со 247 од кои беа издадени 147
1Б Ниво располага со 82 од кои беа издадени 35
2 ниво десно располага со 99 од кои беа издадени 78
2 ниво лево располага со 97 од кои беа издадени 54
2 ниво пред магацини располага со 14 од кои беа издадени 12
3 ниво располага со 148 од кои 135 беа издадени
3 ниво располага со 24 боксови од кои 6 беа издадени
3 ниво цвеќари располага со 5 од кои 4 беа издадени
Магацински простор располага со 11 од кои беа издадени 4.

Бараки за цвеќе на Зелениот пазар со коишто располага Ј.П Пазаришта вкупно се 11 од кои 9 беа издадени.

Деловниот простор со којшто располага ЈП Пазаришта на Зелен пазар и Пазар кај Соколана се 48 од коишто се издадени 45.

На Зелениот пазар се врши трговија на мало на тезги и продажни места на земјоделски производи на Прво ниво, а на посебно организиран дел на Второ и Трето ниво се врши продажба на бижутерија и галантерија,електро и водоводниматеријали канцелариски прибор, метли и производи од трска, украсни птици (препарирани), грнчарски производи, текстил и облека, обувки и предмети од кожа, кујнски прибор.

РЕОНСКИ ЗЕЛЕН ПАЗАР-ДВА Куманово
Ул.Октомвриска Револуција бр.бб

Кој располага со 22 деловни простори од времен карактер од кои два се користат како административни просториии подолг временски период се издадени само 10 и 106 тезги и продажни места од кои во 2022 беа издадени само 12 поради се помала заинтересираност за закуп на овој пазар, а дел од тезгите се издаваа дневно на сезонски производители.

На Реонскиот зелен пазар се врши трговија на мало на тезги и продажни места исклучиво на земјоделски производи,

ДОБИТОЧЕН ПАЗАР-ТРИ Куманово
с.Долно Којнаре

На Добиточниот пазар во с.Долно Којнаре се врши трговија со жив добиток,крупен и ситен добиток, трговија со слама, сено, дрвени греди и даски, ламперија од дрво, производи кои се во функција на добитокот:седла, јажиња, коњски прибор, рачно изработени алати и опрема за земјоделска механизација и слично, еден ден во неделата (сабота) и исто така се даваат вагарски услуги.Добиточниот пазар во најголем дел од годината не работеше во полн капацитет поради забрана за движење на добиток поради болести кај животните.

За пазарни денови на пазар во с.Долно Којнаре е определено секоја сабота како работен ден за добиточен пазар и секој недела како работни денови на пазар за стари работи.

Јавното претпријатие организира и базари . Во март се организира 8-мо мартовски базар, а во декември беше организиран Новогодишниот базар врз основа на претходно изработена шема за поставување на бараките со што се допринесе за поубав изглед на плоштадот на кој се организираат овие базари.

## 2.ЗЕЛЕН ПАЗАР

Работејки во согласност со законски прописи, Одлуки на Владата на Република Северна Македонија и Совет на Општина Куманово за определување на стоките кои можат да се продаваат на зелените пазари и на посебно организирани делови на зелените пазари утврдени се условите за

склучување на Договори за резервација на тезги и продажни места за 2022 година.

Во 2022 година Ј.П.ПАЗАРИШТА ги почитуваше во целост Одлуките за работење на пазарите како и мерките и препораките за заштита на здравјето на луѓето донесени од Влада на Република Северна Македонија.

Почитувајки го Правилникот за пазарен ред направено е јасно разграничување помеѓу тезгите со што се исполнети законските обврски за обезбедување на простор за непречено движење и дотур на стока како и јасно разграничување на посебно организираните делови на зелените пазари на кои можат да се продаваат неземјоделски производи.

Немање на соодветна просторија за продажба на јајца, млеко и млечни производи согласно утврдените HACCP стандарди предизвикува значителни проблеми кои неможат да бидат решени од причина што бараат големи инвестиции и исполнување на строги законски критериуми.

Во 2022 година паркингот со кој стопанисува Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово работеше ,меѓутоа располагаме со недоволен број на паркинг места според потребата која лошо влијае врз посетеноста на Зелениот пазар и треба да се направат напори за да се зголеми бројот на паркинг места во близина на Зелениот пазар.

Видео надзор кој беше поставен на Зелен пазар допринесе за поголема сигурност на закупците и во неколку наврати помогна на надлежните служби за утврдување на идентитетот на крадците.Но полицијата одбива да реагира за кражби со вредност помала од 12.000 денари што претставува проблем на закупците на тезги кои претпруваат штета од кражби.

## 3.РЕОНСКИ ЗЕЛЕН ПАЗАР

Во тек на 2022 година Реонскиот зелен пазар работеше со континуирано намалување на приходите а од причина што истиот е од времен карактер самата постапка за инвестирање во инфраструктура е отежната.

Во тек на 2022 година потпишани се вкупно 12 Договори за закуп и за овие договори како и за Зелен пазар мора да се има во предвид фактот дека за

некои тезги се склучени по два или повеќе договори за закуп како резултат на предвремено откажување на договорите за закуп и намалување на заинтересираност на закупците.На Реонски зелен пазар исто така има и дневен закуп на тезги и во 2022 година по овој основ се наплатени 207.546 денари.

## 4. ДОБИТОЧЕН ПАЗАР

Самиот пазар за добиток не се одвиваа со целосен капацитет поради постоење на ограничување на движење на добиток.

## 5. ПЛАНИРАНО

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| -Зеленпазар - закупнинанатезги | 16.000.000 |
| -Зелен пазар-цветен пазар | 500,000 |
| -Добиточенпазар | 500.000 |
| - Пазар за стари работи | 2.400.000 |
| -РеонскиПазар - закупнинанатезги | 360.000 |
| -Закупнинанаделовенпростор | 8.400.000 |
| -Приходи од паркинг | 1.800.000 |
| -Приходи од Базари | 200.000 |
| -Други извори на приходи(од планирано проширување на обем на работа ) | 1.800.000 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 31.960.000 |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ:

| | |
|---|---|
| 01.Брутоплата | 20.400.000 |
| 02.НадоместнаУправени Надзорен одбор | 500.000 |
| 03.Електричнаенергија | 1.000.000 |
| 04.Трошоцизавода | 150.000 |
| 05.Трошоцизаизнесување на смет | 650.000 |
| 06.Телефонија и интернет | 180.000 |
| 07.Одржување на програми за наплата | 60.000 |
| 08.Одржување на финансиски програми | 60.000 |
| 09.Осигурување на имот | 50.000 |
| 10.ПТТ услуги | 30.000 |
| 11.Патни и дневнитрошоци | 50.000 |
| 12.Канцелариски материал, | 100.000 |
| 13.Нафта загреење | 400.000 |

14.Гориво завозила 100.000
15.Резервни делови за возило 100.000
16.Средства за хигиена и дезинфекција 150.000
17.Стоки за тековно оддржување 120.000
18.Картичен паркинг систем 750.000
19.Бекатон плочки 700.000
20.Нотарски услуги 200.000
21.Админ. и судскитакси 50.000
22.Трошоцизаплатенпромет 70.000
23.Трошоци за агенција за посредување при привремено вработување 150.000
24. ХТЗ- опрема 100.000
25.Компјутерипринтери и компјутерскаопрема 200.000
26.Амортизација 1.500.000
27. Трошоци по спогодба за регрес 1,800,000
29.Плата на вработени преку агенција за посредување при привремено вработување 2.000.000
30.Вонреднирасходи 200.000

**ВКУПНО РАСКОДИ** 31.820.000

## 6.Реализирано

| | Приходиоддејноста | 2022 година |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од реонски пазар-дневно | 207.546 |
| 2 | Приходи од Добиточен пазар | 215.848 |
| 3 | Приходи од пазар за стари работи | 2.191.872 |
| 4 | Приходи од паркинг простор | 1.452.850 |
| 5 | Приходи од издаден деловен простор | 5.027.743 |
| 6 | Приходи од тезги на Зелен пазар | 14.729.566 |
| 7 | Приходи од тезги од Реонски пазар | 413.705 |
| 8 | Приходиодза 8ми Март и новогодишенбазар | 96.779 |
| 9 | Примододиздаденибараки | 520.418 |
| 10 | Приходи од Зелен Пазар – дневно | 186.278 |
| | Вкупно: (1+2+3+4+5+6+7+8+9+10) | **25.042.605** |
| | **Останатиприходи** | |
| 11 | Финанскиски приходи | 89.144 |
| | **Вкупноостанатиприходи** | **89.144** |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **25.131.749** |
| | **РАСХОДИ** | |
| 1 | Трошоцизаматријали,енергија,резервниделови и ситенинвентар | |
| | Канцелярискиматријал | 87.375 |

| | | |
|---|---|---|
| | Матријализатековноодржување | 115.028 |
| | Матријализачистење и одржувањехигиена | 27.638 |
| | Електричнаенергија | 2.133.982 |
| | Горивозапатничковозило | 53.914 |
| | Ситенинвентар и автогуми | 97.383 |
| | Топлотнаенергија | 164.736 |
| 2 | Трошоцизауслуги | |
| | Поштенскиуслуги | 5.078 |
| | Телефонскиуслуги | 92.961 |
| | Интернетуслуги | 26.640 |
| | Трошоцизавода | 382.600 |
| | Трошоцизаизнесувањесмет | 708.461 |
| | Трошоцизапревоз и патарина | 2.020 |
| | Услугизаодржување | 16.194 |
| | Регистрацијанавозило | 6.122 |
| | Другиуслуги | 18.873 |
| 3 | Плати,надоместоцинаплати и останатитрошоцинавработените | |
| | Плати и надоместоцинаплати | 16.814.044 |
| | Отпремнинапризаминувањевопензија | 312.650 |
| | Други трошоци за вработените | 186.488 |
| | Трошоци за јубиларни награди | 257.474 |
| | Трошоци за агенција за привремени вработувања | 2.756.310 |
| | Трошоци за слижбени патувања | |
| | Трошоци за регрес загодишен одмор | 656.000 |
| 4 | Трошоцизаамортизација | 1.629.909 |
| | **Вкупнооперативнирасходи(1+2+3+4)** | **26.551.880** |
| 5 | Останатирасходи | |
| | НадоместнаУправен и НадзоренОдбор | 485.004 |
| | Трошоци за репрезентација | 0 |
| | Банкарскиуслуги | 94.094 |
| | Административнитакси | 2.059 |
| | Трошоци за интелектуалн иуслуги | 148.010 |
| | Правниадвокатски и нотарскиуслуги | 202.375 |
| | Финансискиуслуги | 22.050 |
| | Договорзакупопродажба и договорзадело | 22.861 |
| | Расход од поранешни години | 8.371 |
| | Премиизаосигурување | 4.393 |
| | Судскитакси | 49.179 |
| | Услугизаревизија и проценка | 59.000 |
| | Трошоци за огласување во медиуми | 68.686 |
| | Трошоци за претплата на стручни списанија | |

| | | |
|---|---|---|
| | Услугзасудскивештачења | 70.000 |
| | Трошоцизастручноусовршување-семинари | 8.051 |
| | Трошоциспорови-извршнитрошоци | |
| | | |
| | Трошоци за данок на имот | 12.628 |
| | Расход од директен отпис на побарувања | 50.377 |
| | Трошоци по судски решенија | 488.505 |
| | Расходиврзоснованакамати | 17.366 |
| | Каматаоднеплатенијавнидавачки-ДДВ | 220.486 |
| | **Вкупноостанатирасходи** | **2.033.495** |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28.585.375** |
| | **Финансискирезултат-загуба** | **3.453.626** |

Загуба:3.453.626

Предлагач:
Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово
В.Д.Директор
Гзим Кадрији

------------------------------

Куманово,
14.03.2023год.

Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово
Управен одбор
Заменик Претседател

Насер Фетахи

------------------------------